Димитар ДИМЕСКИ

# КОНГРЕСОТ НА СКОПСКИОТ ОКРУГ НА М Р О (ЈАНУАРИ 1905 ГОДИНА)

Во поилинденскиот период дошол до полн израз окружниот партикуларизам на Македонската револуционерана организација. Тој бил тивко промовиран уште на Смилевскиот конгрес на водечкиот Битолски револуционерен округ во мај 1903 година.[1] Самиот Главен штаб на Вториот револуционерен округ ја засенчил и наткрилил улогата на ЦК на МРО,[2] а во време на примарната консолидација на МРО по востанието се издигнал Битолскиот окружен комитет закитен со Д. Груевото име.[3]

И формално МРО од април 1904 година (по саморастурањето на ЦК) до Рилскиот конгрес (октомври 1905 година) егзистирала без Централниот комитет.[4]

Во отворено прокламирање на окружниот партикуларизам, секако, најдалеку отишол Конгресот на Скопскиот револуционерен округ во јануари 1905 година.[5]

---

[1]Д. Димески, Македонската револуционрена организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје кн. 19(45), Скопје, 1992 г.

[2]Cf. М Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје, 1978 г.

[3]Cf. Д. Димески, МРО по Илинден ..., цит. зборн., Скопје, 1992 г.

[4]Ibidem.

[5]Cf. Протоколъ на I-вия редовенъ револоционеренъ конгрес въ Скопски окрѫгъ, откритъ на 2 януарий 1905 година, - Илюстрация Илинденъ, г. 5/4 (44), София 1933, 12-13; Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори (Следъ Илинденското възстание), София, 1943, 362-366;
Ангел Динев, Илинденската епопеа, д. 2, Скопје, 1949 г.;
Дино Кьосев, История на македонското национално революционно движение, София, 1954 г.;
Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје, 1969 г;
М. Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX в. т. 3 (ВМРО и неоврховизмот, 1904-8 г.), Скопје, 1987 г.

Конгресот на Скопскиот револуционерен округ бил одржан во втората половина на јануари 1905 година над с. Кнежево, Кратовско, во полите на Осоговската планина.[6] Почнал на 2/15 јануари н. стил 1905 година и траел вкупно една недела.[7]

Конгресот најпрво бил планиран за 26.X/8 ноември 1904 година (Митровден), но поради непредвидени околности бил одложен до православната Нова година (1/14.I.н.ст.) 1905 година.[8]

Во работата на Конгресот учествувале 20 делегати[9] од следниве револуционерни реони: Скопски, Кумановски, Кочански, Штипски, Кратовски, Паланечки[10] и Велешки.[11]

Во конгресниот протокол се наведени имината на 14 делегати (тогаш во илегалност) и тоа: Бајчев,[12] Ефрем Чучков,[13] Константин Нунков,[14] Атанас Бабата,[15] Крсто Б´лгаријата,[16] Јордан Спасов,

---

[6]Ibidem.

[7]Протоколъ на I-вия редовен револоционенъ конгрес въ Скопски окрѫгъ, откритъ на 2 януарий 1905 година. (Съобщава Боянъ Мирчевъ), Илюстрация Илинденъ, г. 5/4 (44), София, 1933, 12.
Cf. Т. Александровъ, Първиятъ редовенъ окрѫженъ конгресъ на Скопския револю ционенъ окрѫгъ (в1905 г.),
(Спомени), - Сборникъ Илинденъ, София, 1925, 5-12.

[8]Упатства за избирање делегати на Конгресот. Време на одржување на Конгресот., 22.XI.904, - Документи за дејноста и положбата на Револуционерната организација во Велешка околија во 1904-1905 година. (Соопштува Иван Катарџиев), Гласник на ИНИ, VII/2, Скопје, 1963 г., 213.

[9]Протоколъ..., 12

[10]Хр. Силяновъ, op. cit, II, 362
Дотогаш, во протоколот на I конгрес на Скопскиот округ (Протоколъ..., 12) се зборува за Пијанечки реон. Меѓутоа, во истиот протокол, кога станува збор за реонските чети, се говори за Паланка, (Протоколъ..., 13)

[11]Протоколъ на I-вия редовенъ револю ционенъ конгресъ в Скопски окрѫгъ..., 12

[12]Cf. М. Пандевски, op. cit., III, 154
Во протоколот на Конгресот на Скопскиот округ погрешно фигурира како Бојчев (Протоколъ.,12). Овде евидентно станува збор за печатна грешка, бидејќи натаму се споменува под вистинското презиме Бајчев. (Протоколъ., 13).

[13]Тогаш скопски реонски војвода.
(Хр. Силяновъ, op. cit., 362)

[14]Седумчлената реонска кумановска чета предводена од Константин Нунков настрадала во нерамна борба со османска потера неполн месец по завршувањето на Конгресот, на 19 февруари 1905 година во близина на с. Кашани, Кумановско.
Cf. Д. Димески, Поилинденските вооружени судири на МРО со османскиот аскер (1904, 1905 г.), - Историја, XXVI-XXVII/1-4, Скопје, 1992 г., 32.

[15]Неполна половина година по завршувањето на Конгресот, Кратовската 14-члена реонска чета предводена од Атанас Бабата, заедно со 6 селски милиционери близу с. Куклица, опколена од османски сили, извршила саможртвен херојски чин. Издивнале со извикот: „Да живее слободна Македонија!" (Cf. Д. Димески. Поилинденските вооружени судири на МРО.., 34)

[16]Војвода на кочанската реонска чета.
(Т. Александровъ, Idem, 9)

Александар Бујнов,[17] Мише Развигоров,[18] Петар Ангелов,[19] Л. Петров, М. Недков, Стефан Димитров,[20] Тодор Александров[21] и Стојан Мишев.[22] Имињата на 6-те преостанати делегати (тогаш во легалство), поради потребна конспирација, се предадени во иницијални: С.Т., С.А, М.М., П.Б., Л.Х. и Ст. Б.[23]

За разлика од Прилепскиот подвижен конгрес, кој бил креиран од елитни организациони кадри,[24] Конгресот на Скопскиот револуционерен округ го организирале второстепени личности. Оттаму и резултатите биле значително побледи.

Овде присуствувал и Стефан Димитров, учесник на Прилепскиот подвижен конгрес,[25] како и дотогаш малку познатиот Тодор Александров.[26]

За претседател на Конгресот бил избран Ефрем Чучков,[27] повидна личност меѓу конгресните делгати.

Конгресот се одржал во мошне лоши работни услови, во три набрзина импровизирани колиби-земјанки, во вистински зимски амбиент.[28]

Конгресот го обезбедувале о. 250 четници од реонските чети, распоредени по околните села во групи од по 30-40 луѓе.[29] Притоа, главен организатор на одбраната бил домаќинот, кратовскиот реонски војвода Атанас Бабата, во чиј атар се одржувал Конгресот.[30]

---

[17]Cf. М. Пандевски, Македонското ослободително дело., III, 88

[18]Штипски реонски војвода.
Хр. Силяновъ, op. cit., II, 362;
Т. Александровъ, Първиятъ редовенъ окрѫженъ конгресъ на Скопския революціоненъ окрѫгъ..., 10

[19]Паланечки реонски војвода.
Т. Александровъ, Idem, 10; Протоколъ..., 13; Хр. Силяновъ, op. cit, 362

[20]Велешки реонски војвода.
Т. Александровъ, Idem, 10; Хр. Силяновъ, op. cit., II, 362

[21]Т. Александровъ, Idem, 5-12.

[22]Поради фатено писмо, пред опасноста да бидат затворени од Турците, Т. Александров и Ст. Мишев се нашле во штипската реонска чета на М. Развигоров, со која, како делегати, се упатиле на Конгресот (Т. Александровъ, Idem, 6)

[23]Протоколъ..., 12

[24]Д. Димески, Прилепскиот подвижен конгрес на Вториот округ на МРО (1904 г.), - Историја, XXIII/ 1-2, Скопје, 1987, 69-73.
Cf. М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот (1904-1908), Скопје, 1983; Вл. Поповски, Прилепскиот конгрес (контекст и значење), зб. Прилеп и Прилепско (1893-1918), ДНУ, Прилеп,1991 г., 179-194.

[25]Cf. Д. Димески, Прилепскиот подвижен конгрес..., 70

[26]Т. Александровъ, Idem, 5-12

[27]Во 1901 година, по Солунската афера била лансирана идејата за формирање подвижен ЦК на МРО во состав: Гоце Делчев, Ефрем Чучков и Борис Сарафов. Притоа, Делчев решително ја отфрлил. (Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1992 г., 142)

[28]Т. Александровъ, Първиятъ редовенъ окрѫженъ конгресъ на Скопския революціоненъ окрѫгъ (въ 1905), (спомени), Сб. Илинденъ, София, 1925, 9.

[29]Ibidem

[30]Idem

Работната програма на Конгресот на Скопскиот револуционерен округ била мошне амбициозна. Притоа, Конгресот расправал за следново:

„1. Досегашната и идната дејност на Организацијата;

2. Разгледување на сите проект-устави, правилници, за селските чети, реонските чети, Директивата, одобрена од Мелничкиот (Серскиот, н.б.) и Струмичкиот револуционерни окрузи, Основите на Организацијата од ‚Брут';

3. Потребна ли е соединувачка нишка на реоните од единствениот (еден) округ;

4. Избирање на надворешен задграничен претставник;

5. Односите спрема надворешните задгранични влијанија;

6. Односите кон разните национ. (алистички, н.б.) пропаганди; (и)

7. Прашања од економски карактер."[31]

Работата врз обемниот дневен ред (7 точки) била олеснета со активирање на неколку комисии: за организациони работи, за судство, за културно-просветна дејност и за економски прашања.[32]

Она што е карактеристично за Конгресот на Скопскиот револуционерен округ е свртувањето в десно под евидентоното влијание на Христо Матов. Така, биле прифатени 5-те принципи на Матов (‚Брут'),[33] со едновремени отстапувања од линијата на Прилепскиот подвижен конгрес и „Директивата за идната дејност".[34]

Всушност, Конгресот само формално ја прифатил Директивата „со забелешка дека ќе ги гони сите Срби, кои не се потчинуваат и отстапуваат од вистинските статути, како што на пр. ги гони врховистите во 1902-3 г."[35]

Од лапидарниот конгресен протокол се гледа дека главен акцент на Конгресот бил ставен на разгледувањето на Проект-правилникот на Внатрешната Тајна Македоно-Одринска Организација, образец I.[36] Притоа била извршена ревизија на Проект-правилникот, образец I, донесен на Прилепскиот подвижен конгрес,[37] согласно идејната определба и вкусот на скопските конгресисти.

---

[31] Протоколъ на I-вия редовенъ конгресъ в Скопски окр Ж гъ..., 12

[32] Ibidem

[33] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., II, 363-4.

[34] Cf. М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот..., 76-77

[35] Протоколъ..., 12

[36] Ibidem, 12-13.

[37] Ibid.

Cf. Образец I. Проект-правилник на Внатрешната ТМОРО, - Љ. Лапе, Проект-правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓорче Петров, Гласник на ИНИ, XVII/1, Скопје, 1973, 204-228

Така, биле модифицирани чл. 11 и 16 од гл. I на Проект-правилникот (образец I), како и на чл. 47 и 50 од гл. III.[38] Глава IV посветена на окружните управи, конкретно од чл. 54-66, претрпува радикални измени.[39] Разорниот окружен партикуларизам на скопските конгресисти најдобро доаѓа до израз при целосното отфрлање на гл. V (78-86 чл.), којашто се однесува на одредбите наменети за Централниот комитет. Овде е видлива тенденцијата за кршење единството на Организацијата[40] и за нејзина своевидна федерализација.

Во гл. VI посветена на конгресите е модифициран само чл. 96. Во гл. VII наменета за Претставничкото тело (делегатурата) се модифирцирани чл. 97 и 101.[41] Скопските конгресисти гледале во Претставничкото тело еден вид информационо биро, чии окружни задгранични претствници ќе работат по директива определена одвнатре од соодветниот округ.[42]

Во гл. X посветена на кореспонденцијата и архивата е извршена ревизија на чл. 116.[43] И најпосле, во гл. XIII, која ги опфаќа завршните одредби, е извршена ревизија на последниот, 143 член. Во Проект-правилникот (образец I), чл. 143 гласи: „За да се зачува единството на Организацијата, функционира само овој правилник".[44] Дотогаш овој видоизменет член од скопските конгресисти вака е формулиран: „За зачувување единството во работата на Округот, дејствува само сегашниов правилник".[45]

Само факт што вака ревидираниот правилник веднаш стапил во сила во Скопскиот револуционерен округ,[46] без да биде верифициран на општ конгрес, ги потенцира евидентните сепаратистички стремежи.

Во кршењето на единството на МРО со крајна окружна зачауреност и партикуларизам, се отишло дури дотаму што скопските конгресисти биле отворено критикувани дури и од самиот Христо Матов.[47]

---

[38] Протоколъ на I-вия редовенъ революцоненъ конгресъ въ Скопски окрѫгъ..., 12

[39] Ibidem
Cf. Љ. Лапе, Проект-правилниците..., 211-214.

[40] Протоколъ...,13
Cf. Љ. Лапе, Проект-правилниците..., 215-216

[41] Протоколъ., 13
Cf. Љ. Лапе, Idem, 217-219

[42] Протоколъ., 13

[43] Протоколъ., 13
Cf. Љ. Лапе, Idem, 223

[44] Образец I. Проект-правилник на Внатрешната ТМОРО, - Љ. Лапе, Idem, 228.

[45] Протоколъ., 13

[46] Хр. Силяновъ, op. cit., II, 364

[47] Хр. Силяновъ, op. cit, 364; М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот..., 77

Конгресот целосно ги прифатил правилникот за селските чети, а со извесни модификации и правилникот за реонските чети.[48]

Она што е специфично, е третирањето проблеми од економската и социјалната сфера. Притоа, на Конгресот биле донесени следниве четири одлуки: а). била фиксирана надницата на жетварите (посебно за мажите, жените и децата); б). бил утврден граничниот износ на материјалната компензација (во натура и пари) на ајлакчиите (момоците); в). бил забранет откупот на ушурот од страна на христијани („трговци") и г). било забрането купување на турски земји и чифлизи од страна на христијаните.[49] Покрај тоа, Конгресот се заложил за создавање на земјоделски каси[50] со цел да се избегнат каприците на лихварите.

Овие одлуки Христо Силјанов ги окарактеризирал како „први акти на социјалното законодавство и прв обид за востановување на една општа социјална и стопанска политика од стана на еден револуционерен конгрес".[51]

Воедно, тие значеле конгресно санкционирање на веќе започнатата економска борба на МРО.

Димо Хаџи Димов уште во март 1905 година високо ги оценил посочените први три одлуки на Конгресот на Скопскиот револуционерен округ, а за четвртата, онака како што била формулирана, сметал дека е контрапродуктивна.[52] Оттаму, не случајно, Конгресот на Серскиот револуционерен округ од август 1905 година застанал на спротивно становиште, донесувајќи одлука за откуп на чифличката земја.[53]

Во образовната сфера Конгресот на Скопскиот револуционерен округ се заложил за воведување на задолжително основно образование.[54]

Секое реонско тело било задолжено, со одобрение на месниот реонски војвода, да и достави на окружната управа, список за назначување на учителски персонал во градовите и селата.[55]

---

[48]Протоколъ., 13

[49]Ibidem

[50]Т. Александровъ, Idem, 10

[51]Хр. Силяновъ, op. cit., II, 413

[52]Авиценусъ, Економичната политика на Организацията. (Трибина). - Революциониенъ листъ бр. 10,15 мартъ 1905 г., 8-10.
Авиценус, Економската политика на Организацијата, - Д. Хаџидимов, Одбрани дела (Редактор М. Пандевски), Скопје, 1984 г, I, 229-235;
Меѓутоа, Т. Александров истакнува дека согласно IV-та одлука, во летото (1905 г.) во Скопскиот округ дошло до откупување на чифличката земја од селаните. (Т. Александровъ, Idem, 11). Веројатно овде се подразбира не поединечен, туку колективен откуп.

[53]Хр. Силяновъ, op. cit., II, 372

[54]Т. Александровъ, Idem, 11

[55]Протоколъ., 13

Покрај тоа, реонските раководства биле задолжени, по потреба, да праќаат молби, жалби и протести до Хусеин Хелми паша и до цивилните агенти.[56]

Конгресот се залагал и за чување на шумите како општонародно благо, за подигање хигиената кај населението на повисоко ниво и сл.[57]

Согласно чл. 54/ гл. IV од ревидираниот Проект-правилник, Конгресот на Скопскиот револуционерен округ го избрал новото окружно управно тело, составено од шест члена (тројца нелегални и тројца легални) и тоа: Крсто Б´лгаријата (претседател), Ефрем Чучков (секретар), Атанас Бабата - и легалните Т.Л., А.Н. и Т.П., чии имиња, поради конспирација, не се презентирани во конгресниот протокол.[58] Едновремено, била донесена одлука Даме Груев да се покани за претседател на окружното тело, а доколку не прифати, привремениот претседател Крсто Б´лгаријата да остане на таа позиција.[59] За задграничен претставник на Скопскиот округ бил избран Иван Гарванов.[60] Воедно, Конгесто ги поканил на соработка Христо Матов, Христо Татарчев, Борис Сарафов и Ѓорче Петров.[61]

Конгресот ги потврдил следниве реонски војводи: Стефан Димитров за Велешко, Мише Развигоров за Штипско, поручник Спасов за Кратовско, Петар Ангелов за (К) Паланка, П. Бајчев за Кумановско, а поради кадровската рокада, грижата за определување војводи за Скопско и Кочанско била наложена на окружното тело.[62]

Конгресот разгледал и тековни прашања. Притоа, меѓу другото, било решено да се соберат по 10 наполеони од секој реон на Скопскиот округ за редактирањето на в. „Револуционерен лист˝ во Софија. За тоа бил задолжен Мише Развигоров кој требало да ја предаде собраната сума на Димитар Стефанов.[63] Покрај тоа, М. Развигоров бил задолжен по пристигањето во Бугарија да организира чета од 90 души, од кои 10-мина би се инкорпорирале во скопската реонска чета, 25 во кочанската, 25 во велешката, 10 во штипската и 20 за паланечката. Освен тоа, тој бил задолжен да најде двајца војводи.[64] Покрај тоа, Мише Развигоров бил ополномоштен да ги разгледа сметките од Коле Сарафчето од

---

[56] Ibidem

[57] Т. Александровъ, Първиятъ редовен окрѫженъ конгресъ на Скопския окрѫгъ (въ 1905 г.), (Спомени), Сборникъ Илинденъ София, 1925, 11

[58] Протоколъ на I-вия редовенъ революционенъ конгресъ въ Скопски окрѫгъ, откритъ на 2 януарий 1905 година. (Съобщава Боянъ Мирчевъ), Илюстрация Илинденъ, г. 5/4 (44), София, 1933, 13

[59] Ibidem

[60] Ibid.

[61] Ibid

[62] Протоколъ., 13

[63] Ibidem

[64] Ibid.

Кочанскиот реон и доколку сметките излезат неточни „да се накаже со смрт, а во спротивен случај да се изолира˝.[65]

Бил расчистен и спорот помеѓу двајцата кумановски војводи, П. Бајчев и К. Нунков, со тоа што Бајчев бил определен за титуларен кумановски војвода, а на К. Нунков му е дозволено да остане покрај Бајчев во Кумановско.[66]

Во секој случај, војводскиот кадар играл доминантна улога при донесувањето на конгресните решенија.

На Конгресот било решено на македонските печалбари во Бугарија „да не им се земаат пари или налози за каква и да е цел˝,[67] а материјалните прилози на Власите, без постојано местожителство во Округот, да се внесуваат во благајната на окружната управа.[68]

Конгресот решил да се реактивира издавањето на хектографиран весник во Округот.[69] Покрај тоа, секој реон бил задолжен да и префрли, на име аванс, по 10 турски лири на окружната управа, за општите потреби на Скопскиот револуционерен округ.[70]

Завршна реч на Конгресот имал претседателот Ефрем Чучков.[71]

По завршувањето на Конгресот бил одржан општ собир на четниците и конгресистите. Прв говорел Ефрем Чучков, кој го потенцирал значењето на Конгрсот, презентирајќи ги поважните конгресни решенија, а потоа настапиле и другите членови на новоизбраното окружно управно тело.[72]

Конгресот на Скопскиот округ на МРО од втората половина на јануари 1905 година бил втор окружен конгрес по Илинден. Во споредба со Прилепскиот подвижен конгрес, тој прави чекор назад. И покрај ретроградната улога, првенствено во поглед на крајниот окружен партикуларизам, Конгресот на Скопскиот револуционерен округ имал и светли точки, пред се, во економската, социјалната, образовната, и (условно речено) еколошката сфера. Како таков има свое значење.

---

[65] Ibid.
[66] Ibid.
[67] Протоколъ..., 13
[68] Ibidem
[69] Ibid.
[70] Ibid.
[71] Т. Александровъ, Idem, 11
[72] Ibid., 11-12.

Dimitar Dimeski


## S u m m a r y

### The Congress of the Skopje District of the MRO (January 1905)

During the post-Ilinden period the district particularism of the Macedonian Revolutionary Organization was fully expressed.

The Congress of the Skopje District of the MRO from the second half of January 1905 was the second district congress post-Ilinden. In comparison with the Prilep mobile congress, it made a step backwards. The Congress of the Skopje Revolutionary District had, except the retrograde role and in sight of the extreme district particularism, its light points, primarily, in the economic, social, edicational and (conditionally said) ecological sphere. As such, it has its own importance.